*Република Северна Македонија*
***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***
***Су 02.бр.12-9/2022***
***25.10.2022 година***
***К а в а д а р ц и***

Друштво за производство трговија и услуги
ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ дооел
Бр. 03-246
26.10. 22 год.
СКОПЈЕ

**Д О Г О В О Р**

ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден 25.10.2022 година, помеѓу следните:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**, ул.,,Нов Белград,, бр.16 , со ЕМБС 4021959, застапуван (о) од Претседателот на судот д-р Лазар Нанев
(во понатамошниот текст Набавувач-Нарачувач) од една страна,

и

**Друштво за производство, трговија и услуги ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје ,** со седиште на ул.,,Мајка Тереза 2/15 Скопје, со ЕМБС 6875203, застапуван (о) од управителот Зоранчо Ангелов.
(во понатамошниот текст Носител на набавката-Добавувач) од друга страна.

**Член 1**

**Предмет на договорот**

Предмет на овој договор е набавка на масло за горење екстра лесно масло за домаќинството -1(ЕЛ-1) за потребите на Основен суд Кавадарци согласно одлуката за избор на најповолен понудувач Су.02бр.12-4/2022 од 13.10.2022 година, по објавен оглас бр.15811/22 од 21.09.2022 година во Бирото за јавни набавки во количина од 18.000 литри која би била исплатена во целост само доколку се набави вкупно предвидената количина од договорот, а зависно од потребите на судот во тековната година може да биде набавена и помала количина од маслото за домаќинство -екстра лесно ЕЛ-1 , па вредноста да не биде во целост исплатена.

**Член 2**

**Цена**

Цената за набавка на Маслото за горење-елстра лесно 1(ЕЛ-1) ќе се определува по одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ на денот на испораката при што ќе се пресметува рабат односно попуст од 6,02 денари без ДДВ по литар или 7,10 денари со ДДВ 18% по литар.

Понудениот рабат односно попуст е фиксен, безусловен и непроменлив за цело време на траење на договорот.

Вредноста на договорот за јавна набавка на масло за горење-екстра лесно 1(ЕЛ-1) неможе да изнесува повеќе од проценетата јавна набавка од 1.450.000,00 денари без вклучен ДДВ од 18% или 1.711.000,0 денари со пресметан ДДВ 18%.

Доколку во текот на набавката дојде до промена на цената со Одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, цената на маслото за горење-екстра лесно 1(ЕЛ-1) ќе се пресметува под услови како во ст.1 и ст.2 од овој член.

**Член 3**

**Начин на плаќање**

Плаќањето на цената од чл.2 на овој договор ќе се врши вирмански по доставена фактура од носителот на набавката во рок од 60 дена по приемот на фактурата.

Цената на овој договор ќе биде исплатена преку сметка на Основен суд Кавадарци .

**Член 4**

**Обврски на договорниот орган**

Договорниот орган се обврзува дека ќе ја плати вкупната цена на маслото за горење екстра лесно 1(ЕЛ-1) која е определена во чл.2 од овој договор на начин определен во чл.3 од овој договор, за што ќе потпише испратница за испорачаната количина на масло за горење-екстра лесно 1ЕЛ-1).

**Член 5**

**Обврски на Носителот на набавката**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе испорача на Договорниот орган Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), предмет на овој договор, во количина определена во чл.1 од овој договор и тоа сукцесивно по потреба на Договорниот орган во текот на 2022/2023 година по цена определена во чл.2 од овој договор.

Носителот на набавката се обврзува испораката на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), да ја врши како што е определено во чл.5 од овој договор и за испорачаната количина да достави испратница.

**Член 6**

**Начин на испорака**

Носителот на набавката е должен Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), да го испорача на следниов начин: Сукцесивни испораки согласно динамиката и доставените барања од страна на Договорниот орган, со сопствено или друго возило - специјализирана автоцистерна со електронски уред за мерење на испорачаната количина на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1).

Количината на испорачаното Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), ќе се утврдува

со мерење на возилото со кое се врши испораката, пред истоварањето и по истоварањето на Маслото за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), во автоцистерни , односно во складиштата на договорниот орган.

Проверка и потврда за испорачаната количина на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), од страна на Договорниот орган ќе врши Комисија, а испратницата за испорачаната количина Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) од страна на Договорниот орган, ќе ја потпишува овластено лице назначено од страна на договорниот орган.

Трошоците околу мерењето на количината на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), која треба да се испорача на овластената фирма каде ќе се врши мерењето, ќе ги исплаќа Договорниот орган.

**Член 7**

**Рок и место на испорака**
Испораката на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), ќе се врши во текот на 2022/2023 година сукцесивно според потребите на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен Маслото за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) да го испорача во текот на истиот или најдоцна следниот ден по приемот на писмената порачка од страна на Договорниот орган, франко Основен суд Кавадарци без дополнителни трошоци.
Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката-испратницата.

**Член 8**

Носителот на набавката заедно со набавувачот односно лицата овластени за прием-испорака на стока се обврзуваат испораката-приемот на маслото за горење -екстра лесно (ЕЛ) да го потврдат на документот кој ја следи стоката -испратницата издадена од страна на носителот на набавката.

**Член 9**

**Квалитет**
При испораката на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), може да се утврдува и квалитетот на истата, на начин што Договорниот орган во присуство на Носителот на набавката ќе земе мостра од Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), која треба да се испорача заради визуелна проверка или проверка во специјализирана лабораторија.

Договорниот орган во присуство на Носителот на набавката може да го прегледа Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), на вообичаен начин и за видливите недостатоци веднаш го известува Носителот на набавката.

При евентуален недостаток набавувачот ја одбива испораката на масло за горење елкстра лесно ЕЛ-1.

Доколку во специјализираната лабараторија се констатира отстапување од декларираниот квалитет на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), трошоците за утврдувањето на квалитетот паѓаат на товар на Носителот на набавката а доколку се констатира декларираниот квалитет на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), трошоците за утврдувањето на квалитетот паѓаат на товар на Договорниот орган.

Доколку квалитетот на Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), не е во согласност со стандардите во РСМ (скриен недостаток), Договорниот орган е должен да го извести Носителот на набавката во рок од 5 дена од денот кога го утврдил недостатокот.
Доколку Договорниот орган утврди недостатоци наведени во ст.2 и ст.4 од овој член, а

Носителот на набавката е уредно известен, Договорниот орган може да бара Носителот на набавката да испорача Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), согласно стандардите на РСМ.

**Член 10**

**Јазик на договорот**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**Член 11**

**Времетраење на договорот**

Договорот се склучува на определено време за период од 1/една/ година од денот на склучувањето.

**Член 12**

**Одговорност на договорните страни**

Доколку добавувачот испорачува стока спротивно на пропишаните стандарди за квалитет (понуденото масло за горење-екстра лесно (ЕЛ) со квалитет во согласност со Правилникот за квалитет на течни горива на Р.Македонија и стандардот МКС Б Х2.430, како и доколку испорачува помало количество на нафта од фактурираната цена договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Член 13**

**Раскинување на договорот**

Овој договор може да се раскине кога една од договорните страни нема да ги исполни своите обврски.

Договорната страна која не може да ги исполни обврските од договорот е должна на другата страна да и ги соопшти причините за неисполнување на обврските и да бара раскинување на договорот.

**Член 14**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 15**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја странка.

**НАБАВУВАЧ**
**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

**К а в а д а р ц и**

**Претседател на судот**
**д-р Лазар Нанев**

**ДОБАВУВАЧ**
**ДПТУ ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ**

**С к о п ј е**

**Управител**
**Зоранчо Ангелов**